**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II – СКОПЈЕ**
**02 Су.бр. 100/2018**
**24.12.2018 година**
Скопје

Врз основа на член 39 и член 88 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" број 58/2006, 35/2008, 150/10, 83/18 и 198/18), како и врз основа на член 112 од Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија" број 66/13 и 114/14), Претседателот на Основен суд Скопје II - Скопје, по претходно прибавено мислење од седницата на судиите, на 24.12.2018 година донесе:

# ГОДИШЕН РАСПОРЕД ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II – СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА

## Дел први
## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ

1. Претседателот на Основниот суд Скопје II - Скопје, Илир Сулејмани:

- ќе го претставува судот;

- ќе ја организира работата и ќе презема мерки заради навремено и уредно вршење на работите во судот;

- ќе ја координира работата на одделите;

- ќе ги врши работите од делокругот на судската управа, при што во вршењето на работите ќе му помага и судскиот администратор (ознаки СУ-01, СУ-02, СУ-03, СУ-04, СУ-05, СУ-06, СУ-ДОВ, СУ-СТР-ДОВ);

- ќе постапува по предмети со ознака ЗАВ-Х (за заверување на исправи во смисла на Конвенцијата за укинување на потребата од легализација на странските јавни исправи (Апостил));

- ќе постапува по претставки и поплаки согласно со Законот за судовите и Судскиот деловник (ознака УПП);

- ќе постапува по барања за изземање поднесени од судиите и странките (ознака СУ-ИЗЗ);

- ќе постапува по приговори против неправилности по извршување, барање за одлагање на извршување (ознака ППНИ) и барање од извршител за издавање дозвола за извршни дејствија за физички и правни лица (ознака ИДС) и

- ќе врши други работи во надлежност на претседателот на судот утврдени со закон.

## Дел втори
## ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ

Согласно со член 88 став 4 од Законот за судовите, судијата Наталија

Донева се определува за заменик на претседателот на судот, кој ќе го заменува во случај на спреченост или отсуство.

## Дел трети
## СУДСКИ ОДДЕЛИ

Согласно со член 66 од Судскиот деловник, работата во судот се организира во следниве судски оддели:

- оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови,
- оддел за трговски спорови, стечај и ликвидација,
- оддел за работни спорови и
- оддел за оставински и вонпарнични предмети.

### I. ОДДЕЛ ЗА ИМОТНИ СПОРОВИ, СПОРОВИ ОД МАЛА ВРЕДНОСТ И СЕМЕЈНИ СПОРОВИ

1. Во согласност со член 91 став 1 од Законот за судовите, во одделот за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови се распоредуваат судиите:

- Радмила Карановиќ (I);
- Нухи Рустеми (II);
- Ерол Абдулаи (III);
- Лидија Крстевска (IV);
- Јехона Садику (V);
- Олга Попевска (VI);
- Весна Калковска (VII);
- Јованка Спировска Панева (VIII);
- Кети Германова (IX);
- Даниела Миновска (X);
- Емилија Шопар Јованова (XI);
- Дијана Нацевска (XII);
- Љиљана Крстевска (XIII);
- Марија Скалова (XIV);
- Весна Стрезовска (XV);
- Артан Лимани (XVII);
- Бесник Авдија (XIX);
- Гордана Ролевска Ќупева (XX);
- Андреј Димовски (XXI);
- Аритон Ала (XXII);
- Мирјана Смиљкова (XXIII);
- Виолета Поповска (XXIV);
- Јорданчо Панев (XXV);
- Весна Трајанова (XXVII);
- Антоанета Димовска (XXVIII);
- Оља Крстиќеска (XXIX);

- Гордана Јакова (XXXI);
- Љубица Колиќ (XXXII);
- Благица Ѓошевска (XXXIII);
- Мирјана Николовска Калчиноска (XXXIV);
- Марика Скандева Мурџева (XXXV);
- Цветанка Сиљаноска Костадиновска (XXXVI);
- Софија Миленкова (XXXVII);
- Јасмина Блажевска (XXXVIII);
- Наташа Тодорова (XXXIX);
- Лилјана Зафировска Петреска (XL);
- Татјана Поповска Николовска (XLI) и
- Слободан Хаџи Христовски (XLII);

2. Судиите Нухи Рустеми, Ерол Абдулаи, Јехона Садику, Олга Попевска, Весна Калковска, Јованка Спировска Панева, Кети Германова, Даниела Миновска, Емилија Шопар Јованова, Дијана Нацевска, Марија Скалова, Весна Стрезовска, Артан Лимани, Бесник Авдија, Андреј Димовски, Аритон Ала, Мирјана Смиљкова, Јорданчо Панев, Весна Трајанова, Антоанета Димовска, Оља Крстиќеска, Гордана Јакова, Љубица Колиќ, Благица Ѓошевска, Мирјана Николовска Калчиноска, Марика Скандева Мурџева, Цветанка Сиљаноска Костадиновска, Софија Миленкова, Јасмина Блажевска, Наташа Тодорова, Лилјана Зафировска Петреска, Татјана Поповска Николовска и Слободан Хаџи Христовски ќе постапуваат по предмети со следниве ознаки:

- П1 (имотни спорови);
- П4 (облигациони спорови);
- ППОВ (повторување на постапката- парнични предмети);
- МАЛВП (спорови од мала вредност-парнични);
- МВПОВ (повторување на постапка-мала вредност);
- РП (разни парнични предмети);
- ПЛ (платни налози по предлог);
- ПЛ1-П (платни налози по приговор);
- ПЛПОВ (повторување на постапката-платен налог) и
- РПЛ (разни предмети од платни налози).

3. Судиите Радмила Карановиќ, Лидија Крстевска, Љиљана Крстевска, Гордана Ролевска Ќупева и Виолета Поповска ќе постапуваат по предмети со следниве ознаки:

- П2 (семејни спорови);
- П3 (имотни (стекнати во брак) спорови);
- ППОВ (повторување на постапката- парнични предмети) и
- РП (разни парнични предмети).

4. Судиите Љубица Колиќ, Кети Германова, Весна Калковска и Нухи

Рустеми ќе постапуваат и по предмети со ознака П-5 (граѓанска одговорност за навреда и клевета).

5. Судијата Благица Ѓошевска ќе постапува и по предметите со следниве ознаки:

- ППНИ (приговори против неправилности по извршување). согласно со чл. 86 ст.4 од Законот за извршување ( „Сл. Весник на РМ" бр.72/16).

Судијата Весна Богдановска ќе ја заменува судијата Благица Ѓошевска во постапувањето по предметите со ознака ППНИ (приговори против неправилности по извршување) согласно со чл.86 ст.4 од Законот за извршување („Сл.весник на РМ" бр.72/16), во случај на спреченост или отсуство.

6. За претседател на одделот за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови, согласно со член 88 и член 91 од Законот за судовите, се определува судија Бесник Авдија.

Судијата Бесник Авдија ќе раководи со одделот за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови, ќе презема и врши работи кои се од значење за правилно и ефикасно функционирање на одделот и по потреба или на барање од претседателот на судот ќе доставува информации за функционирање на одделот.

## II. ОДДЕЛ ЗА ТРГОВСКИ СПОРОВИ, СТЕЧАЈ И ЛИКВИДАЦИЈА

1. Во согласност со член 91 став 1 од Законот за судовите, во одделот за трговски спорови, стечај и ликвидација се распоредуваат судиите:

- Ирена Петрушевска (I);
- Вероника Станојевска Жеваировска (II);
- Сашка Трајковска (III);
- Елисавета Зафировска (L);
- Улбер Хасани (LI);
- Софија Спасова Медарска (LII);
- Весна Богдановска (LIII);
- Маринела Јакасановска (LIV);
- Снежана Богдановска (LV);
- Соња Кочовска (LVI);
- Наталија Донева (LVII);
- Мери Василева (LVIII);
- Велјанка Доневски (LIX);
- Снежана Таневска (LX);
- Гордана Билеска (LXI) и
- Зора Божиновска (LXII).

2. Судиите Ирена Петрушевска, Вероника Станојевска Жеваировска и Сашка Трајковска ќе постапуваат по предмети со следниве ознаки:

- СТ (стечај);
- Л (ликвидација);
- СТ-П1 (имотни спорови - во стечај);
- СТ-П4 (облигациони спорови - во стечај);
- СТ-МАЛВП (парнични спорови од мала вредност - стечај);
- СТ-РО (спорови од работни односи - стечај);
- СТ-ТС (трговски имотни спорови - стечај);
- СТ-МАЛВТС (спорови од мала вредност помеѓу правни лица - стечај);
- СТ-ПЛ1-П (платни налози по приговор - стечај) и
- СТ-ПЛ1-ТС (платни налози по приговор со правни лица – стечај).

3. Судиите Елисавета Зафировска, Улбер Хасани, Софија Спасова Медарска, Весна Богдановска, Маринела Јакасановска, Снежана Богдановска, Соња Кочовска, Наталија Донева, Мери Василева, Вељанка Доневски, Снежана Таневска, Гордана Билеска и Зора Божиновска ќе постапуваат по предмети со следниве ознаки:

- ТС (трговски имотни спорови);
- ТС1 (трговски облигациони спорови);
- ТСПОВ (повторување на постапката-трговски спорови);
- МВТСПОВ (повторување на постапката-мала вредност за правни лица);
- МАЛВТС (спорови од мала вредност-помеѓу правни лица);
- РТС (разни трговски предмети);
- ПЛ-ТС (платни налози по предлог со правни лица);
- ПЛ1-ТС (платни налози по приговор со правни лица) и
- ПЛЖ (жалби на платни налози против решенија од нотар).

4. Судијата Наталија Донева ќе постапува и по предметите со следниве ознаки:

- ППНИ (приговори против неправилности по извршување). согласно со чл. 86 ст.4 од Законот за извршување ( „Сл. Весник на РМ" бр.72/16).

Судијата Весна Богдановска ќе ја заменува судијата Наталија Донева во постапувањето по предметите со ознака ППНИ (приговори против неправилности по извршување) согласно со чл.86 ст.4 од Законот за извршување („Сл.весник на РМ" бр.72/16), во случај на спреченост или отсуство.

5. За претседател на одделот за трговски спорови, стечај и ликвидација, согласно со член 88 и член 91 од Законот за судовите, се определува судија

Наталија Донева.

Судијата Наталија Донева ќе раководи со одделот за трговски спорови, стечај и ликвидација, ќе презема и врши работи кои се од значење за правилно и ефикасно функционирање на одделот и по потреба или на барање од претседателот на судот ќе доставува информации за функционирање на одделот.

## III. ОДДЕЛ ЗА РАБОТНИ СПОРОВИ

1. Во согласност со член 91 став 1 од Законот за судовите, во одделот за работни спорови се распоредуваат судиите:

- Бојана Велковска (I);
- Павлина Попоска (II);
- Хилда Мешкова (III);
- Татјана Клинчарска (IV);
- Виолета Арнаудовска (V);
- Александра Палашевска (VI);
- Снежана Ивановска (VII);
- Магдалена Бајалска Ѓорѓиевска (VIII) и
- Љупчо Спироски (IX).

2. Судиите распоредени во одделот за работни спорови ќе постапуваат по предмети со следниве ознаки:

- РО (спорови од работни односи);
- РО ПОВ (повторување на постапката-работни спорови) и
- РРО (разни предмети од работни спорови).

3. Судијата Љупчо Спироски ќе постапува и по предметите со следниве ознаки:

- ППНИ (приговори против неправилности по извршување). согласно со чл. 86 ст.4 од Законот за извршување ( „Сл. Весник на РМ" бр.72/16).

Судијата Весна Богдановска ќе го заменува судијата Љупчо Спироски во постапувањето по предметите со ознака ППНИ (приговори против неправилности по извршување) согласно со чл.86 ст.4 од Законот за извршување („Сл.весник на РМ" бр.72/16), во случај на спреченост или отсуство.

4. За претседател на одделот за работни спорови, согласно со член 88 и член 91 од Законот за судовите, се определува судија Бојана Велковска.

Судијата Бојана Велковска ќе раководи со одделот за работни спорови, ќе презема и врши работи кои се од значење за правилно и ефикасно функционирање на одделот и по потреба или на барање од претседателот на судот ќе доставува информации за функционирање на одделот.

## IV. ОДДЕЛ ЗА ОСТАВИНСКИ И ВОНПАРНИЧНИ ПРЕДМЕТИ

1. Во согласност со член 91 став 1 од Законот за судовите, во одделот за оставински и вонпарнични предмети се распоредуваат судиите:

- Ирена Костадинова Ангелова (I);
- Љупчо Тодоровски (II);
- Сузана Дончевска (III) и
- Елизабета Настов (IV).

2. Судиите распоредени во одделот за оставински и вонпарнични предмети ќе постапуваат по предмети со следниве ознаки:

- ВПП (вонпарнични предмети);
- ВПП1 (предмети од физичка делба);
- ВПП2 (предмети по предлози за обезбедување на докази и времени мерки);
- ОДС (предмети за одземање на деловна способност и за задржување во здравствена установа за лекување и чување на душевно болни лица);
- О (предлог за оставински предмети);
- О1 (приговор за оставински предмети);
- ОНАД (предмети вратени од нотар за ненадлежност);
- РВПП (разни вонпарнични предмети);
- ЗАВ (заверка на договори);
- ЗАВ1 (заверка на договори надвор суд);
- ЗАВ-С (заверување на исправи наменети за странство);
- ПСО (признавање на странски судски одлуки);
- ПСО1 (признавање на странски судски одлуки по приговор);
- ПОМ (правна помош) и
- ЗАМ-С (замолница на домашни и странски судови и друга правна помош).

3. Судијата Ирена Костадинова Ангелова ќе постапува и по предметите со следниве ознаки:

- РПП (регистрација на политички партии).

4. Судијата Сузана Дончевска ќе постапува и по предметите со следниве

ознаки:

- РСВЗРГ (регистрација на цркви, верски заедници и религиозни групи).

5. Судијата Љупчо Тодоровски ќе постапува и по предметите со следниве ознаки:

- ПИ (предлози против извршување);
- ИЗС (предлози за извршување по закон за семејство) и
- ИПК (изрекување парични казни).

6. За признавање на странски судски одлуки по приговор одлучува совет на овој Суд во состав:

- Судија од одделот за оставински и вонпарнични предмети (Ирена Костадинова Ангелова, Љупчо Тодоровски, Сузана Дончевска), претседател на советот;
- Судија Љиљана Крстевска, член на совет;
- Судија Радмила Карановиќ, член на совет;
- Судија Лилјана Зафировска Петреска, заменик на член на совет и
- Судија Лидија Крстевска, заменик на член на совет.

Ако при автоматска распределба, предметот-приговор е распределен на судијата кој го донел решението против кое е истакнат приговорот, предметот повторно ќе се прераспредели на друг судија кој постапува како претседател на советот од став 1 на оваа точка.

7. За претседател на одделот за оставински и вонпарнични предмети, согласно со член 88 и член 91 од Законот за судовите, се определува судија Ирена Костадинова Ангелова.

Судијата Ирена Костадинова Ангелова ќе раководи со одделот за оставински и вонпарнични предмети, ќе презема и врши работи кои се од значење за правилно и ефикасно функционирање на одделот и по потреба или на барање од претседателот на судот ќе доставува информации за функционирање на одделот.

## Дел четврти

## ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊА ЗА АРХИВИРАНИ ПРЕДМЕТИ НА ОВОЈ СУД И ПРЕДМЕТИ ПРЕНЕСЕНИ НА НАДЛЕЖНОСТ ОД ДРУГ СУД И ПО ДРУГИ БАРАЊА

1. Претседателите на оддели постапуваат и по барања кои се однесуваат на архивирани предмети по кој вид на предмети постапува одделот според

Годишниот распоред.

Претседателите на оддели постапуваат и по барања кои се однесуваат на решени предмети за кои постапката продолжува до исполнување на условите за архивирање, доколку со посебна одлука на претседателот на судот не е поинаку определено.

По исклучок од став 1, судија Мирјана Николовска Калчиноска постапува по архивирани предмети од видот имотни и облигациони спорови кои се наоѓаат во архивата на Основен суд Скопје I - Скопје.

Овластувањата од претходните ставови на оваа точка се однесуваат на процесни дејствија:

- ставање на потврди на правосилност и извршност,
- одобрување на барања за увид и за издавање на преписи,
- постапување по барања за поправање на судски одлуки и
- вложени правни лекови.

По исклучок од ставот 2, судиите од оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови вредност, Љубица Колиќ, Јасмина Блажевска и Јорданчо Панев постапуваат и по решени предмети за кои постапката продолжува до исполнување на условите за архивирање и тоа имотни спорови, облигациони спорови, спорови од мала вредност-парнични, платни налози по предлог и платни налози по приговор доколку со посебна одлука на претседателот на судот не е поинаку определено.

По исклучок од ставот 2, судијата од одделот за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови Радмила Карановиќ постапува и по решени предмети за кои постапката продолжува до исполнување на условите за архивирање и тоа во семејни спорови, имотни спорови- имот стекнат во брак,повторување на постапката- парнични предмети и разни парнични предмети,доколку со посебна одлука на претседателот на судот не е поинаку определено.

По исклучок од ставот 2, судиите од одделот за трговски спорови, стечај и ликвидација, Гордана Билеска, Мери Василева и Велјанка Доневски постапуваат и по решени предмети за кои постапката продолжува до исполнување на условите за архивирање и тоа трговски имотни спорови, трговски облигациони спорови, спорови од мала вредност-помеѓу правни лица, платни налози по предлог со правни лица, платни налози по приговор со правни лица и жалби на платни налози против решенија на нотар, доколку со посебна одлука на претседателот на судот не е поинаку определено.

По исклучок од ставот 2, судијата од одделот за трговски спорови, стечај и ликвидација Сашка Трајковска постапува и по решени предмети за кои постапката продолжува до исполнување на условите за архивирање и тоа во постапки за стечај, ликвидација, имотни спорови - во стечај, облигациони спорови - во стечај, парнични спорови од мала вредност – стечај, спорови од работни односи – стечај,

трговски имотни спорови – стечај, спорови од мала вредност помеѓу правни лица – стечај, платни налози по приговор - стечај и платни налози по приговор со правни лица – стечај, доколку со посебна одлука на претседателот на судот не е поинаку определено.

Овластувањата од претходните четири става на оваа точка се однесуваат на процесни дејствија:

- ставање на потврди на правосилност и извршност,

- одобрување на барања за увид и за издавање на преписи,

- постапување по барања за поправање на судски одлуки и

- вложени правни лекови.

Овластувањата од претходните ставови на оваа точка се вршат на начин со кој се обезбедува секој судија од оваа точка да добие во работа подеднаков број на барања.

2. Кога барањето се однесува на архивиран предмет, а барањето не е предвидено со точка 1, ќе постапува судија од одделот кој постапува по тој вид на предмети.

Претседателот на судот со посебна одлука го определува судијата кој ќе постапува по барањето од оваа точка.

3. Судиите распоредени во одделот за оставински и вонпарнични предмети во соработка со судски службеници кои се распоредени на работа и работни задачи со извршни предмети ќе постапува и по:

- изјави од доверители поднесени до судот согласно со член 7 и член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување, објавен во „Службен весник на РМ" број 83 од 03.07.2009 година;

- приговори и жалби против одлуки во извршни предмети на овој суд и извршни предмети пренесени на надлежност од Основен суд Скопје I - Скопје;

- барања за ставање на потврда на правосилност и извршност на одлуки во извршни предмети на овој суд и извршни предмети пренесени на надлежност од Основен суд Скопје I - Скопје;

- барања за укинување на потврда на правосилност и извршност на одлуки во извршни предмети на овој суд и извршни предмети пренесени на надлежност од Основен суд Скопје I - Скопје;

- барања за увид во списите на извршни предмети на овој суд и извршни предмети пренесени на надлежност од Основен суд Скопје I - Скопје;

- барања за издавање на заверен препис од списите во извршни предмети на овој суд и извршни предмети пренесени на надлежност од Основен суд Скопје I - Скопје;

- барања за поправање на одлуки во извршни предмети на овој суд и извршни предмети пренесени на надлежност од Основен суд Скопје I - Скопје и

- други барања кои се во врска со примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување, објавен во „Службен весник на РМ“ број 83 од 03.07.2009 година.

**Дел петти**

Овој распоред влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2019 година.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**ИЛИР СУЛЕЈМАНИ**